ЗАПИШАНО СО КРВ

Крис Картер

Посвета

Првично, оваа книга требаше да биде посветена на мојата партнерка, Кара Луиз Ирвин, која го напушти овој свет во септември 2019 година, носејќи го со себе целото мое срце, но оттогаш, целиот свет доби повик за будење.

Толку многу работи се променија за многумина од нас.

Имајќи го тоа предвид, би сакал да го посветам овој роман не само на Кара, туку и на сите кои за жал, ја загубија битката против КОВИД-19. Не бевме подготвени.

До сите други - таа битка продолжува, затоа ве молам бидете безбедни.

Еден

Лос Анџелес, Калифорнија, сабота, 5 декември

Уште точно три недели до Божиќ. За Анџела Вуд таа сабота и официјално го означуваше она што таа го нарекуваше „супер-сезона“. Трговските центри, главните улици, па дури и малите продавнички, ќе бидат прекриени со вештачки снег, сијалички и шарени украси, сè преполно со луѓе желни да потрошат пари во потрага по совршените подароци. Тоа е она време од годината кога поголемиот дел од луѓето само ги креваат рамениците и не се грижат за нивната финансиска состојба, па самите на себе си велат: „О, нема врска, Божиќ е“ и посегнуваат подлабоко во џебот, ги надминуваат своите можности и трошат повеќе, некогаш и ѓаволски повеќе отколку што тоа им го дозволува сметката.

За Анџела супер-сезоната значи среќни луѓе со дебели паричници во џебовите и чантите, бидејќи како што се приближува Божиќ, накратко во тоа време од годината се враќа и вистинската готовина. Во денешно време, во кој било ден, поголем дел од жителите на Лос Анџелес со себе не носат речиси никаква готовина, дури ни ситни пари, сè се купува со картичка - од едно пакетче гуми за џвакање до трошење вистинско богатство на Родео Драјв. Без готовина, без неред, без брзање. Навистина стигна ерата на електронското купување. Но тоа и онака не му беше важно на ниеден продавач, ниту сопственик на продавница. Но Анџела не беше продавачка. Ни сопственичка на продавница. Таа беше мајстор за џебна кражба и затоа не ѝ одговараше купувањето со картичка. Секако, може да ги искористи кредитните картички и паметните телефони кога ќе дојде до нив, но во нејзиниот свет царуваше готовината и токму поради тоа супер-сезоната секогаш ѝ измамуваше насмевка на лицето.

Оваа година одлучи да ја започне супер-сезоната со посета на симпатичните улици со продавници во Туџунг Вилиџ.

Сместена во близина на булеварот Вентура во Студио Сити, авенијата Туџунг беше вгнездена меѓу квартот Колифакс Мидоус и Вудбриџ паркот. Вилиџ беше трендовска рамна улица долга еден цел блок, со мноштво различни и симпатични продавници, бутици, ресторани, барови и кафулиња. Не беше изненадување тоа што во текот на целата година Вилиџ привлекуваше значителен број купувачи, особено за време на викендот. Во времето на супер-сезоната тој број експоненцијално се зголемуваше, а улицата беше преплавена со море од среќни луѓе и нивните преполни паричници.

Кога и да беше тоа возможно, Анџела преферираше да работи навечер и тоа беше уште една причина повеќе, поради која го обожаваше празничниот период. За да им излезат во пресрет на големиот број купувачи, поголем дел од продавниците во текот на декември останува отворени повеќе од обично. Знаејќи го тоа, Анџела стигна во Туџунг Вилиџ кога сонцето почна да заоѓа и додека се приближуваше на Вилиџ од насоката на Вудбриџ, се развесели кога виде дека во споредба со претходната година, бројот на купувачи на улицата се удвоил.

„Ох, колку го сакам Божиќ“, си рече самата на себе плескајќи со дланките, а потоа ги навлече тенките црвени кожни ракавици.

Сонцето го испраќаше својот последен поздрав до Градот на Ангелите, па температурата на улицата се спушти на осум Целзиусови степени. Тоа не беше ништо страшно за зимска ноќ во местото од кое што доаѓаше Анџела, но во градот каде врелината и сонцето се сметаат за почесни жители, осум степени беше и повеќе од доволно секој жител на Лос Анџелес во својот шкаф да го побара најдебелиот и најтоплиот капут. За човек како Анџела, дебелите зимски капути беа вистински благослов, бидејќи поголемиот дел од луѓето добро ги користеа нивните надворешни џебови. Таквите капути се дебела изолација меѓу телата на луѓето и надворешните џебови, што значи дека не треба да бидеш

вешт џепчија за да ги олесниш од имотот. Во метежот, каде луѓето се натискани, дали на улица или во продавница, судирите се неизбежни, па крадењето беше уште полесно. За мошне вешт стручњак како Анџела, пренатрупаниот Туџунг Вилиџ, каде осумдесет проценти од луѓето носеа дебели капути, беше како шведска маса.

„Ајде, да почнеме“, рече вмешувајќи се во толпата, барајќи го својот плен со око соколово.

Пред да стигне до половина улица, веќе имаше собрано три паричници. Можеше да собере и повеќе, но за време на супер-сезоната немаше причина да краде наслепо - да краде паричници, а да не знае што ќе добие.

Се држеше до едноставната, несложена постапка - ги набљудуваше купувачите додека плаќаа во продавница или на улица. Предноста на таквата постапка беше двојна: прво, лесно можеше да открие кој со себе носи готовина, а кој не. Второ, гледаше каде купувачот го чува паричникот - во џебот од капутот, во јакната, во чантата итн. Потоа, само требаше да ја следи метата и да го чека вистинското време за акција, а таа никогаш не брзаше. Во ова време од годината ѝ требаа само петнаесет минути за она што таа го викаше „време на проверка“.

Никогаш не дозволуваше да ја обземе алчност. Веќе не. Единствениот пат кога се случи тоа, настрада, и тоа ја чинеше краток престој во затвор, па се заколна дека веќе никогаш нема да заврши таму. Оттогаш крадеше најмногу три паричници одеднаш и проверуваше колку има готовина и кредитни картички во нив. Ако имаше доволно, ќе завршеше со работата уште тој ден. Ако не, ќе се ослободеше од паричниците пред да се врати на улица за втора рунда.

Откако го украде третиот паричник, ѝ беше потребно безбедно место за проверка на нивната содржина. Зад историскиот и секогаш полн ресторан *Вителос*, во самото срце на Туџунг Вилиџ, се наоѓаше *Рендишн рум*, тематски коктел-бар уреден во стилот на нелегална точилница на алкохол од 1930-те, чиј тоалет беше совршено место за потребите на Анџела.

И претходно била таму, но никогаш го немаше видено ресторанот така полн. Во женскиот тоалет мораше да

чека повеќе од пет минути за да влезе. Таму провери колку готовина има во паричниците и не можеше да биде позадоволна.

Шестотини осумдесет и седум зелени за помалку од петнаесет минути работа, си помисли пикајќи ја готовината во градникот. *Не е лошо како за прв ден.*

Во дел од секундата помисли да се врати во Вилиџ на втора тура.

„Таму има уште многу", ѝ прошепоти лекомислената Анџела. „Во една вечер би можела да заработиш месечен плен".

Но тука веднаш се јави и разбраната Анџела и во истиот миг се откажа од идејата.

„За денес завршуваме. Наместо да направиш глупост, зошто не прославиш и не се почестиш со пијачка? На крајот на краиштата, во коктел-бар си".

Сега беше попаметна. Откако отслужи казна затвор, веќе никогаш не му се спротивстави на разумот.

Бидејќи заврши со работата за таа вечер, пред да излезе од тоалетот, ја симна црната перика, потоа црните контактни леќи и ги скри.

Во преполниот бар чекаше неколку минути додека најпосле не ја послужија. По разгледувањето на коктелите, се одлучи за класика - *сајдкар*. Набрзо ѝ се посреќи. Во мигот кога со пијачката го сврте грбот на шанкот, само на неколку метри понатаму од неа, се испразни една мала, округла маса. Брзо седна на неа.

Пиејќи го коктелот, почна да ја набљудува толпата. Не за да ја промени одлуката за завршувањето на работата за таа вечер. Набљудувањето на луѓето околу себе, без оглед на тоа каде се наоѓаше, на Анџела ѝ стана како втора природа... рефлекс... навика. Го правеше тоа несвесно. Веќе за дваесет секунди ги издвои трите најлесни мети што ги видела во животот.

На четири маси понатаму од неа, двајца мажи од четириесетина и нешто години. Двајцата потполно пијани. Тој со очилата го стави паричникот во џебот од јакната, а потоа ја превитка јакната на празниот стол од својата десна

страна, така што џебот со паричникот остана на горната страна.

Три маси пред неа - две жени од дваесетина години пиеја маргарити. Таа што ѝ беше свртена со грб на Анџела го отвори патентот од чантата што висеше на наслонот од столот.

На масата од нејзината десна страна - висок господин чие внимание беше фокусирано на мобилниот. Мошне елегантната кожна чанта беше ставена на подот, неколку сантиметри подалеку од неговите нозе. Анџела не гледаше што има во чантата, но можеше да се обложи дека внатре има нешто вредно.

Луѓето навистина се игнорантни, си помисли додека лесно одмавнуваше со главата. *Изгледа никогаш нема да научат.*

Додека го тргаше погледот од чантата на подот и се вртеше кон мажот и неговиот мобилен, му пријде еден постар господин, веројатно во шеесеттите. Им го наслушна разговорот.

„Извинете“, рече постариот господин. Во раката држеше чаша со виски. „Може ли остатокот од пијачката да го допијам на Вашата маса? Преполно е вечерва“.

Високиот маж не го тргна погледот од мобилниот.

„Поарно не“.

Анџела се намурти на одговорот на мажот, како да не слушна добро.

И стариот господин очигледно многу се изненади.

„Ќе заземам само едно ќоше од масата“, се обиде повторно постариот господин. „Само да ја оставам чашата. Нема да Ви пречам“.

„Па, веќе ми пречите“, одврати високиот маж, најпосле погледнувајќи го постариот господин. „Најди си некое друго место за пијачката, старче. Оваа маса е зафатена“.

Анџела во неверување со ококорени очи го погледна високиот маж. *Каков гомнар*, си помисли.

Останувајќи без зборови, постариот маж се вкочани, не знаеше што да прави.

„Ти реков да одебеш, старче“, рече високиот маж со решителен глас.

Старецот во шок се сврте и се оддалечи.

Штотуку сакаше да го викне постариот маж на својата маса, кога лекомислената Анџела ѝ прошепоти:

„Енџи, типот со мобилниот е серко. Можеш да му одржиш лекција“.

Го сврте погледот кон неговата кожна чанта на подот.

Високиот маж повторно го насочи вниманието на својот мобилен.

Анџела ја испи пијачката и ја заобиколи масата. Сега стоеше зад високиот маж. Го извади мобилниот и го стави на увото за да не изгледа сомнително. Додека го почнуваше својот лажен телефонски разговор, ја помести десната нога само за да го допре врвот од ременот на кожната торба на подот.

Мажот манијакално пишуваше нешто на мобилниот.

Додека се преправаше дека разговара на мобилен, Анџела му го сврте грбот на мажот и направи два чекори. Ја крена главата и погледна наоколу, како да бара некого во коктел-барот. Притоа, со десната нога, кришум, ја повлече по себе кожната торба на мажот.

Мажот беше премногу зафатен со својот мобилен за да може да забележи дека неговата чанта се оддалечи еден метар од него, но дури и да забележеше, во таков метеж, Анџела можеше без проблем да му се извини дека ногата случајно ѝ се закачила за чантата - чиста случајност.

Направи уште еден чекор и уште повеќе ја приближи чантата, а потоа и се насмевна госпоѓата Среќа. Неколку маси понатаму, на спротивната страна, некој турна подавалник со пијачки на подот. Вревата од скршените чаши и шишиња привлече мноштво погледи, вклучително и погледот на високиот маж. Кога, само неколку секунди подоцна, го сврте погледот кон својот мобилен, Анџела веќе излегуваше од *Рендишн рум* со кожната чанта на мажот скриена под капутот. Пет минути подоцна, беше во автобусот 237, на пат кон дома.

Умираше од желба да sирне во чантата, но иако седеше на крајот на автобусот, му се спротивстави на тој порив. Не сакаше да ризикува содржината на оваа чанта да ја видат нечии љубопитни очи.

Од Туџунг Вилиџ ѝ требаа нешто повеќе од четириесет и пет минути да стигне дома, во малиот едносо бен стан на јужниот крај од авенијата Колфакс. Кога ја затвори вратата зад себе, ги собу чевлите и седна на креветот. Ги прекрсти нозете во јога стил, ја стави кожната чанта пред себе и најпосле го отвори патентот.

Разочарување.

Можеби поради големината и обликот на чантата или можеби поради нејзината тежина, беше речиси сигурна дека во неа има лаптоп или таблет. Но немаше. Единствената работа во чантата беше кожен дневник, со големина дваесет на триесет сантиметри, изненадувачки тежок.

„Леле, наместо лаптоп добив бележник? Прекрасно“.

Се насмевна иронично, сепак задоволна што ја украде чантата од само една единствена причина: на кретенот од барот да му одржи лекција.

„Каков невоспитан серко“, си рече одмавнувајќи со главата. „Се надевам дека бележников ти е многу важен“.

Инстинктивно ја отвори книгата и ги прелиста страниците. Прво забележа дека страниците се испишани со уреден и густ ракопис. Не сите страници содржеа зборови. Некои беа полни со невешти цртежи и скици на кои Анџела не им обрнуваше внимание. На некои имаше закачено поларoидни фотографии. Кога ја здогледа првата фотографија, срцето ѝ забрза.

Ја сврте страницата... уште една фотографија. Сега срцето престана да ѝ чука. Со растреперени раце ја крена фотографијата за да види дали е нешто напишано одзади или на страницата под фотографијата. Ништо.

„Што е ова, по ѓаволите?“ изговори и рефлексно погледна во зборовите напишани на страницата под фотографијата. Успеа да прочита само неколку реченици, а потоа целото тело почна да ѝ се тресе.

„О, Боже. Што, по ѓаволите, направи, Енџи? Што, по ѓаволите, направи?“

Два

Понеделник, 7 декември

Единицата за ултра-насилни злосторства на полицијата на Лос Анџелес е сместена на самиот крај на катот на Одделот за кражби и убиства, во прочуената управна зграда на полицијата во центарот на Лос Анџелес. Детектив Роберт Хантер, раководителот на Единицата за УНЗ, штотуку се врати од паузата за ручек, кога заѕвони телефонот на неговото биро.

Се јави по второто ѕвонење.

„Детектив Хантер, Единица за ултра-насилни злосторства".

„*Роберт, тука е Сузан*", одврати другата страна. „*Имаш минутка?*"

Доктор Сузан Слејтер беше една од најдобрите форензичарки во Калифорнија. Имаше блиска соработка со Единицата за ултра-насилни злосторства во бројни случаи.

„Секако, докторке", одврати Хантер. „Има некој проблем?"

„*Не сум сигурна*", рече доктор Слејтер, а потоа накратко застана. „*Можно е да има*".

Заинтригиран, Роберт се смести на столот.

„Во ред, слушам", го сврте погледот кон распоредот на своето биро и инстинктивно сврте неколку страници за да се увери дали ЕУНЗ чека некакви форензички резултати.

Беше во право.

„*Ова е чудна приказна*", почна доктор Слејтер. „*Утрово, кога излегував од дома и тргнав кон лабораторијата, проверив во поштенското сандаче, како што правам секое утро. Освен вообичаеното ѓубре што го добивам за викенд,*

најдов и еден голем коверт. На предната страна, со големи букви, беше напишано моето име и тоа беше сè".

„Што значи тоа?" праша Хантер.

„*Роберт, не ја пишуваше мојата адреса*", објасни докторката. „*Само моето име. Немаше никаква поштенска марка, ни поштенски печат, ни адреса на испраќачот*".

„Што значи дека некој лично го донел".

„*Точно*", се согласи докторката.

„Дали го отвори?"

„*Да, но по сите преземени мерки на претпазливост. И внатре пронајдов книга*".

„Да?" се намурти Хантер.

„*Па, да бидам попрецизна... всушност, некој вид на дневник".*

„Каков дневник?"

Следуваше уште една кратка пауза.

„*Од оној вид за кој мислам дека ти и Гарсија би требало да го погледнете*".

Три

Детектив Карлос Гарсија му беше долгогодишен партнер на Хантер во Единицата за ултра-насилни злосторства. Сместени во истата канцеларија - клаустрофобична бетонска кутија од 22 метри квадратни, со само еден прозорец, два стола и одвај нешто друго, но потполно одделени од остатокот од Одделот за кражби и убиства, далеку од љубопитните очи и бесконечното зуење на гласови.

Додека Хантер разговараше со докторката Слејтер, Гарсија седеше на своето биро и потполнуваше некои документи на компјутерот.

„Сакаш ли да дојдеш со мене до криминалистичката лабораторија на ОФН?“ го праша Хантер кога го заврши телефонскиот разговор и веќе ја земаше јакната.

Криминалистичката лабораторија беше дел од Одделот за форензички науки на полицијата на Лос Анџелес и се состоеше од осум специјализирани лаборатории кои помагаа во истрагите на различни оддели на полицијата. Поголем дел од тие лаборатории беа основани од *Херцберг-Дејвис форензичкиот научен центар*, сместен во кампусот на Државниот универзитет Калифорнија во Алхамбра, во западниот дел на Сан Габриел Вели, источно од Лос Анџелес.

„Криминалистичката лабораторија?“ праша Гарсија погледнувајќи го партнерот со подзамижани очи. „Очекуваме некои резултати?“

„Не“, одговори Хантер, а потоа накусо му го прераскажа разговорот со доктор Слејтер.

„Бележник?“

„Така рече“, потврди Хантер.

„И не ти кажа ништо повеќе?“ Гарсија стана и ја зеде јакната.

„Само дека треба да го погледнеме“.

„Да, секако дека ќе дојдам“, рече Гарсија. „Отсекогаш ме привлекувале изненадувања“.

Четири

Тој понеделник попладне на Хантер и Гарсија им требаа околу дваесет и осум минути возење низ градот за да прејдат нешто помалку од десет километри, колку што беше растојанието меѓу Полициската управна зграда на Првата западна улица и Државниот универзитет на Калифорнија во Алхамбра. По паркирањето на автомобилот на делот резервиран за полицајци, двајцата детективи стигнаа до *Херцберг-Дејвис форензичкиот научен центар* - импресивна петкатница сместена во југозападниот дел од кампусот. Откако се пријавија на влезот, тргнаа по скалите на вториот кат каде што се наоѓаше лабораторијата за анализа на траги. Доктор Слејтер рече дека таму ќе ги чека.

„Се радуваш ли за утрешниот бал?“ праша Гарсија додека минуваа по првата низа скали.

„Мислиш на божиќниот бал на полицијата?“ одврати Хантер без никаква возбуда на лицето. „А ти?“

„Да“. За разлика од него, Гарсија изгледаше вистински воодушевен. „Го извадив костимот на зомби Дедо Мраз и сè останато“.

„Зомби Дедо Мраз?“ Хантер ги развлече усните во насмевка. „Навистина?“

„Да, по ѓаволите. Тие забави и онака се здодевни. Треба во нив да се внесе малку веселост“.

„А костим од зомби Дедо Мраз е твојата идеја за веселост?“ праша Хантер.

„Ти си само завидлив, бидејќи не можеш да облечеш костим“, му приговори Гарсија. „Ти и капетан Блејк ќе седите на масата со градоначалникот, така?“

Хантер кимна превртувајќи со очите.

„А тоа многу ќе биде забавно“, рече саркастично.

Гарсија се насмевна.

„О, да, сигурно“.

Единицата за анализа на траги беше една од осумте единици од кои се состоеше криминалистичката лабораторија на ОФН. Нејзината главна задача, како што сугерираше називот, беше анализирање на сите траги пронајдени на место на насилно злосторство, како и оние што беа последица од физичкиот контакт меѓу осомниченият и жртвата. Исто така, се испитуваа и сите остатоци од материјал, органски или неоргански, пронајдени на местото на злосторството.

На двојната, секогаш заклучена врата од лабораторијата, Хантер го притисна ѕвончето и почека. Неколку секунди подоцна, вратата се отвори со придушено шуштење.

Во лабораторијата, голема отприлика колку целиот кат на Одделот за кражби и убиства, температурата беше неколку степени пониска од пријатна, но во споредба со температурата на улица, беше релативно топло. Неколкумина форензичари, сите во долги, бели лабораториски мантили, внимателно работеа на своите работни места. Во заднината се слушаше мошне тивка и смирувачка класична музика.

„Момци, ваму“.

Двајцата детективи ја слушнаа докторката додека зад нив полека се затвораше вратата.

Докторката седеше пред инвертираниот микроскоп, недалеку од местото каде што стоеја Хантер и Гарсија.

Доктор Сузан Слејтер беше во нејзините средни триесетти, висока метар и шеесет и седум, со витко, исончано тело, изразени јагодични коски и мал нос. Долгата руса коса ѝ беше собрана во растурена пунџа на темето. Дискретната шминка ѝ ја истакнуваа светло-синатa боја на очите.

„Ви благодарам што дојдовте толку брзо“, рече дочекувајќи ги детективите со едноставно кимање на главата.

„Па, нè намамивте со таинствениот телефонски повик“, одврати Гарсија со насмевка. „Па, што имате?“

„Она што му го кажав на Роберт по телефон“, одговори докторката. Гласот ѝ беше благ и срдечен, но полн со знаење и искуство. „Некој, за време на викендот, лично донел пакет во моето поштенско сандаче - веројатно доцна синоќа или рано утрово. Вниманието ми го привлече самиот ковert“.

„Поради што?“ праша Гарсија. „Што не е во ред со него?“

„Па, за почеток, нема адреса и нема поштенска марка. Само моето име. И нема ни адреса на испраќач“. Ја покажа големата прозирна врећичка за докази на масата пред себе, покрај микроскопот. Во врећичката видоа кафеав ковert. На неговата предна страна, рачно напишано со големи црни букви, беше испишано нејзиното име - Сузан Слејтер.

„Смеам?“ праша Хантер покажувајќи на врећичката.

„Повели“.

Хантер ја подигна за да може добро да ја разгледа заедно со Гарсија.

„Претпоставувам дека веќе побаравте отпечатоци од прсти?“ праша Гарсија.

Доктор Слејтер кимна.

„Освен моите, немаше други“.

„А ракописот?“

„Само големи печатни букви, ништо посебно. Напишани со евтин фломастер со тенок врв. Нема смисла да се обидувам да откријам кој вид на мастило е, бидејќи резултатот најверојатно ќе нè донесе до фломастерите што ги продаваат сите големи супермаркети“.

Хантер кимна и ја остави врећичката.

„Споменавте бележник?“

„Да“, рече докторката покажувајќи на задниот дел од лабораторијата. „И тука работите стануваат интересни. Дојдете, ќе ви покажам“.

Хантер и Гарсија тргнаа по неа минувајќи покрај група форензичари, сите премногу сконцентрирани на она што го работеа за да ги поздравaт детективите. Кога стигнаа до едно од двете одделенија на канцеларијата на сосема